Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр 347/0306
14.12 2017 год.
Скопје

12.12.2017

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 декември 2017 година, врз основа на примена жалба од Африм Гаши против Телевизија Алсат-М, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 ноември 2017 година, Африм Гаши поднесе жалба за содржина поврзана со случувањата во Собранието од 27 април, објавена на 28 ноември 2017 година, во вестите на албански јазик на Телевизија Алсат-М (www.alsat-m.tv).

Во жалбата се наведува дека известувањето од страна на новинар на телевизијата, за време на линковско вклучување во живо во вестите, содржи целосни невистини, клеветнички наводи, а информирањето е тенденциозно, неточно, навредливо и со намера да го наруши угледот, и како пратеник, и како личност на жалителот Африм Гаши.

*„Објавената новинарска содржина е тенденција, со што на сугестивен начин, употребувајќи невистини, се настојува да се прикаже дека јас сум дел од некакво сценарио со директна импликација во скандалот што се случи во Собранието на Република Македонија на 27 април, 2017 година. Јас ниту сум го дал некому мојот телефон, ниту претставници на МВР вршеле претрес во мојот дом“*, се посочува во жалбата против наводите на Алсат-М.

Жалителот, меѓу другото, побара од телевизијата да објави демант и јавно извинување, зашто во спротивно, како што наведе, ќе покрене судска постапка против медиумот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со Телевизија „Алсат-М“и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Најпрво, жалителот Енвер Гаши соопшти дека ги надминал недоразбирањата со уредничкиот тим на Аласт-М и дека ја повлекува поднесената жалба.

Дека процесот на медијација меѓу двете страни е успешен го потврдија и од „Алсат-М“. Уредникот на телевизијата, Адмир Ќосе, ја извести Комисијата дека во директен разговор со пратеникот Гаши ги надминале несогласувањата и дека во вестите, согласно неговото барање, ќе му овозможат демант.

Комисијата за жалби констатираше дека позитивно решениот случај на медијација со Алсат-М треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во тој контекст, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови. Ова е 11-ти случај што жалбената комисија го решила по пат на медијација, односно помирување на страните и ќе продолжи активно да се залага во таа насока.

* * *

На седницата одржана на 12 декември 2017 година, Комисијата за жалби го затвори случајот како резултат на помирување меѓу страните.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Беким Ајдини и Филип Ѓурчиновски.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКАПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595